Иван КАТАРЏИЕВ

# ТИТО ЗА СОРАБОТКАТА МЕЃУ БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ

„Колку год народите на Дунав и Балканот да беа смели или племенити со векови не успеаја да го изборат своето право на какво било, па дури и најскромно благонаклоно меѓународно признание на своите позитивни својства . . . Единствената исправна и логична дијагноза на ова нездраво политичко дејствување беше револуцијата. Балканските народи сѐ додека не успеат да ја земат власта во своите раце и така независни од секакво туѓо влијание да решаваат за својата судбина, нема да се ослободат од својата колонијална и субколонијална положба“.

Во овие Крлежини мисли за Титовата улога во подигањето на самосвеста на балканските народи за своето себепочитување, значење и право на независност, сами суверено да решаваат за својата судбина и добрососедската соработка се крие основната премисла на Титовото дело и прилог во изградбата на една поинаква, посветла иднина за балканските народи.

Основна нишка во Титовата револуционерна дејност, во која се вградени најпозитивните традиции од ослободителните напори на југословенските и балканските народи и историските задачи на работничката класа, е постојано и неприкинато да се гради братството и единството на потиснатите и експлоатирани народи. Тоа е основната стратешка цел на неговата револуционерна мисла и дело. Тоа е единствено можната формула која ја ограничува тежината на историската хипотека во односите меѓу балканските народи, тоа е формула што отвора можности за длабоки револуционерни промени, исклучиво свртена кон иднината, кон независноста и самостојноста на балканските народи, кон мирот и прогресот.

Меѓутоа, Тито во градењето на мостовите меѓу балканските народи не е само визионер, револуционерен романтичар кој носи идеи надвор од времето и просторот. Тито е револуционер —визионер со целата своја револуционерна мисла, свртен кон иднината, упорен револуционер — реализатор кој води строго сметка за детирминантите на времето. Тој ја прилагодува рево-

луционерната тактика според објективните историски услови, без да отстапува од својата основна стратешка цел — рушење на старите и создавање на нови односи на Балканот, меѓу балканските народи.

Тито има јасна претстава дека без елиминирање на присуството на небалканските фактори во балканските работи, односно без отстранувањето на причините што постојат на самиот Балкан и што го овозможуваат присуството на големите сили во него, не е можно градењето на нови односи во овој дел на Европа.

Затоа, раководен од својот работнички гениј, изворен изразувач на интересите на работничката класа, Тито, уште со доаѓањето на чело на КПЈ, својата револуционерна акција ја насочува во правец на изградувањето на единството на револуционерните сили како услов за рушење на буржоаскиот систем и изградба на новото социјалистичко општество во кое ќе се создадат услови за решавање на националните и социјалните барања на поробените народи и експлоатирани работни маси, а со тоа ќе се отстранат и причините за присуството на странските сили во балканските работи.

Еден од најважните проблеми во изградувањето на револуционерното единство на прогресивните сили во предвоениот период било нерешеното национално прашање чија критична точка претставувала борбата на македонскиот народ за ослободување и обединување. Во Југославија тоа (националното прашање) претставувало основен фактор на кризната состојба, било елемент за нестабилност во меѓубалканските односи и еден од поводите за мешањето на големите сили во балканските работи. Тоа отворало широки можности за пробив на фашизмот и за слабеење на силите на револуцијата.

Имајќи јасна претстава за тежината на нерешеното национално прашање воопшто и особено за значењето на нерешеното македонско прашање за иднината на Балканот во условите на експанзијата на фашизмот, во пролетта на 1939 година. Титовиот ЦК со сета сериозност ја подвлекува опасноста од користењето на македонското прашање од силите на фашизмот за мирот и слободата на балканските народи:

„Денеска Македонија им служи на фишистичко-империјалистичките освојувачи од Берлин и Рим како ситна пара за поткусурување, како објект за реализација на нивните освојувачки цели на Балканот. Германските и италијанските освојувачи во исто време ја фрлаат Македонија како коска меѓу српските, бугарските и грчките реакционери. Преку слободниот македонски народ можат да се консолидираат односите на Балканот, може да се попречи империјалистичката игра со судбината на балканските народи“.

Отстранувањето на причините што им служат како повод на реакционерните сили за мешање во балканските работи за нивното меѓусебно противставување и мобилизацијата на силите на прогресот во единствен антифашистички фронт се едни од главните преокупации на ЦК КПЈ под раководството на Тито во деновите спроти фашистичката наезда на Балканот.

Во тесна соработка со комунистичките партии на Бугарија и Грција ЦК КПЈ во 1940 година издава проглас во кој повторно укажува на империјалистичкото отимање околу Македонија и на опасноста тоа да се претвори во „жариште на крвави братоубиствени војни во интерес на империјалистичките освојувачи, а во штета на независноста на малите балкански народи".

Во почетокот на 1941 година, т.е. непосредно пред почетокот на војната на Балканот, КПЈ и БКП се договориле да излезат со заедничка Декларација упатена до народите на Југославија и Бугарија чија основна компонента е борбата против секакво потиснипштво и особено против потписништвото врз македонскиот народ.

„Работните народи во Југославија и Бугарија, како и трудбеничките маси и прогресивните сили во другите балкански земји, се решителни противници на секакво национално потисништво врз македонскиот и другите народи и национални малцинства на Балканот, тие го признаваат правото, стремежите и борбата за рамноправност и слобода. Во овие свои борби тие народи секојпат ќе најдат безрезервна помош од работните маси во Бугарија и Југославија. Меѓутоа, ние ги предупредуваме балканските народи, во овој број и македонскиот, да бидат, особено во сегашните услови, крајно претпазливи и да не допуштат нивната справедлива борба да биде искористувана како инструмент во рацете на империјалистите и целите на империјалистичката војна", се вели, меѓу другото, во оваа Декларација.

Ангажирајќи се со сите свои сили за мобилизација на прогресивните сили и широките народни маси во Југославија и на Балканот за отстранување на воената опасност од овој дел на Европа со навлегувањето на фашистичката воена машина во Југославија и балканските земји, КПЈ под раководството на Тито станува стожер на епската борба на југословенските народи за ослободување од туѓите окупатори и за изградба на новите општествени односи. Градејќи ја во текот на војната иднината на утрешна самоуправна социјалистичка Југославија, Титовото раководство несебично работи за мобилизација на прогресивните сили во другите балкански земји во борбата против фашистичките освојувачи и на тој начин создава услови за премавнување на недоразбирањата и недовербата меѓу нив. Несебична е помошта што КПЈ им ја дава на антифашистичките ослободителни движења на Бугарија, Албанија, Грција... Под

раководството на работничката класа во пламенот на Револуцијата се градат основите на еден утрешен слободен независен Балкан за чија судбина суверено ќе решаваат слободните балкански народи.

Понесен од резултатите на победоносната Револуција другарот Тито по војната со уште поголема упорност и револуционерен романтизам го гради делото на единството меѓу балканските народи. Потпирајќи се врз изникнатата од Револуцијата рамноправна заедница на југословенските народи и народности Федеративна Југославија, воедјќи сметка за новосоздадените односи на Балканот по војната, се пристапува кон реализацијата, макар и делумно, на сонот на визионерите-трајно зближување на балканските народи. Првиот формален чекор во тој поглед е направен на 1 август 1947 година со потпишувањето на Бледскиот договор меѓу Тито и Димитров.

„Соработката што ќе се развива меѓу нашите две земји има огромно значење за стабилизацијата на Балканот, за стабилизацијата на мирот ... Таа соработка има големо значење за зближувањето на нашите народи, за поблиското меѓусебно запознавање на нашите народи“, изјави другарот Тито во својот говор по потпишувањето на Бледската спогодба. Продолжувајќи ја својата мисла за значењето на таа спогодба за независноста на балканските народи тој рече:

„Тоа што денеска го реализираме — нашата соработка, претставува снажен удар за реакцијата на Балканот, во нашите земји и во странство, удар по меѓународниот империјализам кој пак се труди со сите сили од Балканот повторно да создаде барутно буре“.

Независноста на балканските народи, градењето на братството и единството меѓу нив е лајтмотив на Титовото дело во развивањето на меѓубалканските односи.

„Не е претерано народот да го чуе она што е вистина — ќе подвлече Тито во својот говор на 29 ноември 1947 година во Софија по потпишувањето на договорот во Евксиноград во Бугарија за пријателство, соработка и заемна помош со Бугарија, а тоа е дека пријателството на народите на Бугарија и народите на Југославија претставува оној камен-темелник врз кој ќе ја градиме зградата на братството и единството на нашите народи“.

Родена во пазувите на југословенската работничка класа, пред војната проверена и претворена во основна спојница во текот на војната и револуцијата и во изградбата на новата заедница на збратимените и рамноправни југословенски народи, идејата на братството и единството е базата врз која Титова Југославија ги гради своите односи со своите соседи. Тоа не е моментна коњуктурна формула што овозможува предоминација. Тоа е трајна изворна, искрена политичка определба што из-

вира од вртокот на Револуцијата. Тоа е најопитното средство за градење и запазување на самостојноста на балканските народи, за изолирање или ограничување на влијанието на вонбалканските сили во регулирањето на меѓубалканските односи. Затоа неа не е во состојба да ја застраши ниту арогинцијата на Информбирото:

„Југословенскиот народ прв ја подаде својата рака, помина преку сите оние мачни работи што се случувале во историјата ... Помина преку тоа, бидејќи знаеше дека најскапата работа е братството и пријателството во овој дел на Европа“, ќе истакне Тито во март 1951 година во својот говор на Вториот конгрес на Сојузот на борците од НОВ на Југославија.

Тито во својата политика е непоколеблив поборник на мирот. Без оглед на големината на опасностите што се надвисија над Југославија како резултат на Сталиновата политика, тој со сите сили работи за запазување на независноста на Југославија, за запазување на мирот на Балканот. „Ние, ќе изјави тој, цврсто, решително, во јули 1952 година, во времето кога информбировскиот притисок со целата тежина беше надвиснат над Југославија, сметаме дека мораме да бидеме елемент на мирот, особено овде на Балканот“. Тој ниту за момент не отстапува од основната стратешка цел дека работите на Балканот се пред сè работа на балканските народи, без оглед на моменталните односи меѓу нив. Тој еднакво остро истапува како против Сталиновото мешање така и против мешањето на дегаспериевата Италија. „Италија нема што да бара на Балканот — ќе каже Тито во мај 1953 година. На Балканот е Југославија, тука се Грција и Турција, тука е Бугарија без оглед што е под Червенков. Тука се балканските народи. Тие треба да ја решаваат својата судбина, и тука Италија нема што да бара“.

Насочен кон иднината, со јасно сознание дека во условите на блоковската поделеност на светот мирот е неделив, дека нема мир на Балканот без борбата за мир насекаде. Тито во целиот свет и на Балканот ќе се заложи за изградувањето на такви меѓународни односи во кои ќе постои најширока соработка меѓу народите и државите, соработка што ќе ја исклучи примената на силата во решавањето на спорните прашања во соработката што претставува заемно почитување и немешање во внатрешните работи.

Во септември 1957 година, одговарајќи на писмото на претседателот на романската влада Киво Стојка за односите меѓу балканските земји, Тито ќе го истакне своето гледиште за „обврската на соседите во целиот свет своите односи да ги развиваат на принципите на активната мирољубива коегзистенција“ и ќе се заложи за градење на такви односи меѓу балканските држави кои постојано ќе ја унапредуваат нивната меѓусебна соработка.

„Нарочно сакам да истакнам друже Претседателе, вели Тито во својот одговор до Киво Стојка, дека веќе сега треба, да се предаде особена важност на потребата, во секојдневните тековни односи меѓу одделните балкански држави да се развива духот на заемно разбирање и отстранување на тешкотиите што уште постојат меѓу одделните балкански земји за да се подготват и осигурат неопходните претпоставки за една успешна меѓубалканска соработка заснована на заемното почитување, на рамноправноста и немешањето во внатрешните работи на другите“.

Мирот на Балканот, соработката меѓу балканските народи, решавањето на спорните проблеми меѓу балканските народи, особено признавањето и почитувањето на националните права на народностите и во прв ред на македонскиот народ во духот на добрата волја и соработка, тоа е трајната димензија на Титовото гледање за односите што треба да постојат меѓу балканските народи, зашто тоа е и единственото средство што може, ако не да ја отстрани, барем да ја ограничи присутноста на големите сили во меѓубалканските односи.

„Ние ќе настојуваме со сите народи на Балканот, без обѕир на општествениот систем на одделните земји, без оглед на тоа дали се во прашање социјалистички земји, земји на народната демократија или капиталистички земји, да имаме најдобри односи. Тоа е постојаниот лајтмотив на нашата политика... Ние успеавме да создадеме најдобри односи со далечните држави, ние мораме да успееме да создадеме најдобри односи и овде, со нашите соседи. Се разбира, тоа не зависи само од нас туку и од нашите соседи, но ние мораме да бидеме тие кои со никаква постапка тоа нема да го оневозможуваме. На нас не смее да падне вината за затровување на односите меѓу други земји и меѓу нашата земја и другите земји“, ќе каже Тито во еден свој говор во јуни 1959 година.

Титовата мисла и дело за градењето на односите на соработка, братство и пријателство меѓу балканските народи се од траен карактер и далекосежни програмски димензии. Постоењето на снажна самоуправна независна неврзана Југославија, како заедница на рамноправни збратимени народи и народности, е најдобра гаранција за долговечноста на Титовото дело.